"ЛЕ МОНД" ЗА МАКЕДОНСКАТА ИЗЛОЖБА ВО ПАРИЗ –

# Македонска уметност е жестоко ехо на историските потреси

Под наслов „Македонска уметност или жестоко ехо на историските потреси", најтиражниот француски дневен весник „Ле монд" објави критика за изложбата на дела од 11 македонски уметници, која беше организирана во зградата на УНЕСКО во Париз, во минатиот месец. Под наслов „Дијалози: Македонската уметност денес", Уметничката галерија „Скопје" ја претстави нашата актуелна уметничка сцена во трите ексклузивни сали „Миро".

- Изложбата била многу посетена, повеќе од сите досегашни стандарди за тој изложбен простор. Написот во „Ле Монд" е важен за нас, зашто досега сите изложби поминуваа „глуво", воопшто не беа забележани. Првпат се појавува текст во толку угледен и тиражен дневен весник. Критиката не се однесува само на авторите што учествуваат во изложбата, туку на Македонија и на целата наша уметност и култура - рече на вчерашната прес-конференција кураторот на изложбата Златко Теодосиевски, директор на Уметничката галерија.

„Насловот, „Дијалози", не е провокативен. УНЕСКО не е место во кое се поставуваат изложби чиј карактер го нарушува дипломатското спокојство. Сепак, претставувањето на современите уметници, открива дела со неочекувана жестина за овој простор. Тоа е така, можеби затоа што историјата на Македонија во 20 век почнала со распарчување на нејзината територија и за малку по распадот на Југославија тој век ќе го заврши со војна? Македонските уметници што живеат во сопствената земја или во странство изложуваат дела што се главно жестоки, некои со црн хумор, кој ве смрзнува. Најмладите, родени околу 1960 година, се тие што удираат најтврдо", пишува критичарот Филип Даве, во „Ле монд".

Во зградата на УНЕСКО беа изложени дела од уметниците: Роберт Јанкуловски, Славица Јанешлиева, Жанета Вангели, Александар Станковски, Глигор Чемерски, Симон Шемов, Анета Светиева, Родољуб Анастасов, Сергеј Андреевски, Станко Павлески и Киро Урдин.

Изложбата чинела околу милион и 500 илјади денари. Со истата изложба Македонија ќе се претстави во Рим, на чествувањето на „Свети Кирил и Методиј". Делата ќе бидат поставени во галерија на италијанското Министерство за култура.

(В.И.)

Дневник 22 април 2003.

Т" - РЕЖИЈА РОМАН ПОЛАНСКИ

## на Холокаустот

себна иницијатива да се пре- ... крај, иако претставува дури и